# Интервју со Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован

Во континуитет се добива впечаток дека македонската власт во однос на важните прашања коишто го сочинуваат нашето живеење протежира отсуство на дебата, очебијно заборавјаќи дека говорот е дар за меѓусебно разбирање. Ваквиот, од мнозина веќе констатиран, тоталитаристички став е во спротивност на принципите на слободата во мислењето и изразувањето. И, зар е потребно да постои страв пред можноста за разговор!

Се чини, дека за првпат „Фокус“ отвора можност гласно и слободно да се размислува, на темата којашто е предмет на денешниот разговор, без притоа да се биде виновен за тој толку присушт човеков процес. Со оглед, пак, на тоа дека станува збор за црковен проблем, поаѓајќи од етиката на верата – логично би следувало најлесно и да биде решен.

Но, дали во праксата е така?! Не навлегувајќи во нашите убедувања, кои се разбира, не мора да се поистоветуваат со начинот на којшто му се обраќа целокупната православна јавност, а сепак, имајќи елементарен човечки однос кон тој податок, во оваа прилика кога е излезен на првиот затворски викенд, разговараме со Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован.

*1 - Ваше Блаженство, осудени сте на затворска казна за „ширење верска омраза и нетрпеливост“. Веќе околу три месеци сте во затворот во Идризово. Каков е третманот; како Ви минуваат деновите в затвор?*

1 - Во затворот не само што немам привилегиран третман, туку подложен сум на рестрикции. Да речеме, дозволата, односно недозволата за моето прво отсуство од затворот беше рестрикција. Иако затвореници, со висина на казна колку што е мојата излегуваат на првиот викенд после два месеци од издржувањето на казната, јас не ќе добиев ниту по три месеци, ако не се случеше несаканата ситуација со болеста на мојот родител.

Затворот не е тежок заради тоа што на креветот на којшто одмараш има само два прста дебел сунѓер, или, затоа што прозорите во собите се искршени и никој не ги поправа. За човек којшто се извежбал во постот не е многу важно ни тоа што храната не се става во уста. Најтешко, барем за мене е тоа што не можам да го видам лицето на ближниот кога сакам, да се израдувам на неговата радост, да се расплачам на неговата тага. Тоа ми паѓа најтешко, а другите услови воглавно се подобри отколку оние на коишто сум навикнат да живеам во воздржување.

*2 - Деновиве започна ново судење против Вас во Велес за наводна финансиска проневера направена додека бевте Митрополит Повадарски*

*на Македонската православна црква. Го добивте ли обвинението? За какви финансиски малверзации станува збор?*

2 - Процесот во Велес го нарекуваат судење за финансиски малверзации. Но, тоа воопшто не е вистинското име за кривичното дело за коешто ме теретат. Обвинет сум за „затајување“. Таквото кривично дело подразбира некој да довери некому нешто, пари или некој друг предмет, а тој да ги задржи за себе или да ги даде некому. Но, обвинението воопшто не прецизира кој е тој предмет што е затаен и колкава му е вредноста. Затоа на судењето замоливме да ни биде појаснето што е тоа што е затаено, бидејќи и дополнителното вештачење покажа дека нема нешто што недостига или останало непокриено во финансиското работење на епархиите коишто ги раководев. Уште помалку има нешто што некој ми го доверил и јас сум го затаил. Токму од таа причина што обвинението не прецизира што е затаено, во медиумите се вртат различни суми од 10.000 до 200.000 евра, па и повеќе.

Мислам дека забуната ја создаде Јавното обвинителство коешто го промаши обвинението. Она што е во описот на обвинението повеќе одговара на кривично дело ‘‘злоупотреба на службена положба‘‘. Но, јас не потпаѓам под таа категоризација, бидејќи не сум службено лице. Во обвинителниот акт се собрани вредностите на целокупните буџети од епархиите со коишто сум раководел. Испаѓа како таму ништо да не се работело. Ниту се плаќале плати, ниту придонеси, ниту се градело и реновирало, ниту се плаќале тековните сметки, ниту требало да се патува. Некој како упорно да внесувал пари, а јас упорно сум ги затајувал.Тоа е крајно нелогично, но зарем имаме логика во другите мои судења?

Вештачењето покажа дека сиот инвентар за којшто се трошени парите од буџетот е во сопственост на расколничката организација МПЦ. Вистина е дека е купен автомобил БМВ, но тој е регистриран на име: Македонска архиепископија, и сега се наоѓа во гаражата на Повардарската епархија во Велес. Вистина дека се трошени пари од буџетот за оформување на апартман, односно кабинет, но во чија сопственост е тој апартман? Тој е сопственост на расколничката МПЦ. Вистина е дека е купена зграда во Велес, но јас неа не ја зедов со себе в џеб. Таа е повторно во Велес и сопственост е на претпријатието „Воскресение“, чиј основач е Повардарската епархија.

Уште се купувале - средства за хигиена,тоалетна хартија, метли и четки, а, како што стои во обвинението - и нив сум ги затаил. Но, не само што така тврдев пред судот, туку тоа одговорно го кажувам и пред јавноста: нема ниту еден денар којшто сум го затаил. Два аргументи дополнително го образложуваат горереченото. Човек што тргнал да ја менува историјата, многу е тешко, да не речам – невозможно, да се прелаже за пари особено, пак, кога би се знаело дека оние суми коишто се слушаат по средствата за информирање се само мал дел од вредноста на мојот семеен имот. За дваесет, педесет или сто илјади евра не би си го валкал образот. Ниту за бескрајно повеќе. Низ рацете на благајникот на епархијата со којашто раководев поминаа педесет и седумте илјади евра од Трифун Костовски и не помислив да ги затајам, иако како што велат некои од затворениците, ако ги присвоев ќе добиев помала казна отколку сега кога се вратени. Ако некому нешто тоа му значи, ќе кажам дека јас не завршив теологија за да бидам поп и да се ухлебам. Повеќето од денешните владици и попови во МПЦ биле голтари. Но, не е грев да бидеш сиромав. Грев е да ја користиш Црквата за да се богатиш.

Незаобиколив факт којшто го признаваат дури и душманите е дека целокупното богатство на моите родители е ставено на располагање на Охридската Архиепископија. Се определив, значи, да дадам на Црквата, не да земам од неа.

*3 - Пред еден месец судот во Велес ве осуди за затајување на парите коишто ги подари Трифун Костовски?*

3 - После две ослободителни пресуди, на третото судење, судот најде дека сум виновен. Но, тоа е во општиот амбиент на сликата за судството во Р. Македонија, којашто ја знаеме ние, но и Европската Унија и САД. Затоа толку и нè караат за корупцијата во судството. Без суд нема држава, а малкумина ќе поверуваат дека во Р. Македонија има суд. Кога некои познати правници во странство ги читаат пресудите околу случаите со припадниците на Охридската Архиепископија, велат дека судот во Р. Македонија е театар. За жал антички, зашто на репертоарот е само трагедија. Во случајот за којшто прашувате, ме осудија затоа што, како што вели Јавниот обвинител, сум имал ‘‘евентуална намера‘‘да ги затајам парите кои г-динот Трифун Костовски ги подари за храмот „Свети Пантелејмон“ во Велес. Тоа што парите не се употребени за ништо друго,тоа што се депонирани во судот заедно со банковната камата веднаш откако судот ги побара, тоа нема никаква улога. Тоа што јас како второобвинет добивам две години затвор, а првообвинетиот една година и три месеци, никому не е важно. Треба Јован да се осуди, и тоа судот го прави во името на народот. Недостига само оној познат завршеток на пресудите употребуван до шеесетите години на минатиот век: „Смрт на фашизмот - слобода на народот“.

*4 -Но, да се вратиме на суштината на Вашиот спор со Македонската црква и со државата. Како и зошто одлучивте да се одвоите од МПЦ и како Православна Охридска Архиепископија да влезете во литургиско и канонско единство со Српската православна црква?*

4 - Причината што влеговме во канонско и литургиско единство со СПЦ и со сите други помесни православни Цркви е само заради тоа што сакаме да бидеме Црква. Не може да се биде Црква, а да се нема единство со другите Цркви. Црквата е една, соборна и апостолска. Не може да има две Цркви, зашто едно е телото на Христос коешто е Црквата. Расколот никогаш не може да биде Црква. Тој може да имитира Црква, да сака да личи на Црква, но никогаш не може да биде Црква којашто спасува и дава вечен живот. На оние кои немаат потреба од живот вечен, нив не им треба Црква. Им треба фолклор и тие тоа го наоѓаат во МПЦ.

*5 - Вие тврдите дека Македонската православна црква е РАСКОЛНИЧКА организација. Врз кои факти и документи го темелите тоа Ваше тврдење?*



*Со Вселенскиот Патријарх г.г. Вартоломеј во Белград, мај 2004 г.*

5 - Раскол е исто што и схизма, а тоа значи нешто - што е поделено. Следствено на тоа, расколниците или схизматиците, не се во единство со едното тело на Црквата. Без разлика што има многу локални Цркви возглавени со локалниот Епископ, тие се во единство преку едната вера и едната Чаша којашто е општа за сите, а тоа е Чашата од којашто се нуди Христос, за со Него да се причестат верните. Причест е црковно-словенски збор кој значи да бидеш честица, дел од целото, од едното. Христијаните, значи, без оглед на тоа што се распрскани во светот, преку тоа што се причестуваат со Телото Христово коешто е едно, стапуваат и самите во единство. Оние коишто не се во тоа единство со другите Цркви, не се во единство ниту со едното тело Христово без разлика што имитираат Црква. Нив ги викаме расколници или шизматици. Да не забораваме, на клириците на МПЦ им е забрането да служат и да се причестуваат било каде ширум помесните православни Цркви.

*6 - Велите дека Црковно-народниот собор, одржан од 16 до 19 јули 1967 година во Охрид, на пучистички начин, потполно некакнонски и без никаква врска со црковното учење, како што велите, прогласил автокефалност на МПЦ. Како се случило тоа и што значи тоа фактички?*

6 - Во ниту една друга Црква во светот црковно-народниот собор не е највисока црковна инстанца, како што тоа е кај расколничката МПЦ. Тоа има свои корени, зашто од 1941 г. до 1958 г., во Р. Македонија немало Епископи. Но, оној којшто ја познава теологијата веднаш ќе забележи дека штом немало Епископи, немало ниту Црква, барем Православна, зашто Православната Црква не е презвитеријанска, туку Епископска. Значи, до 1958 г., во Р. Македонија имало само свештеници и тие не можеле нивните собори да ги наречат Архиерејски Синод или Собор, туку ги нарекувале Црковно-народен собор. Дури и потоа кога биле увезени Епископи, дури и тогаш народниот собор остана највисоко тело. А, тоа најмногу им одговарало на комуњарите. Тие не

сакале Епископите да имаат власт, а покрај тоа, во народните собири успевале да вметнат свои луѓе. Така ја држеле Црквата под контрола. Кога виделе дека сосема цврсто ја имаат под контрола, посакале преку неа да ја контролираат македонската дијаспора. Затоа им требала ‘‘автокефална‘‘ Црква. И, во 1967 г. таква црква и си направиле. Ги натерале Епископите кои до тогаш имале автономија, на пучистички начин, без согласност на Мајката Црква, но и без согласност на сите други помесни Православни Цркви да прогласат автокефалија којшто до денес никој во светот не им ја признава.

*7 - Ваше Блаженсӣво, дали ӣодоцна биле наӣравени некакви обиди од сӣрана на македонскиӣе архиереи, јавно или ӣајно, сеедно, СПЦ да и ӣризнае висӣинска авӣокефалносӣ на МПЦ?*

7 - Правени се обиди, но многу малку, а всушност правено е сè само да не се излечи расколот.

*8 - Кој е ӣлавниоӣ ӣроблем?*

8 - Главниот проблем е тоа што комуњарите сакале да ја растурат Црквата а не таа да биде во единство.Многу полесно им било да ја контролираат Црквата кога таа е поделена со схизма.

*9 - Вие имаӣе завршено Градежен факулӣеӣ во Скоӣје, Теолошки факулӣеӣ во Белӣрад, а имаӣе маӣисӣрирано во Солун, каде шӣо имаӣе ӣредложено и докӣорска дисерӣација. Во 1998 ӣодина, ӣо ӣредлоӣ на миӣроӣолиӣоӣ Пеӣар, бевӣе хироӣонисан за ӣомошен еӣискоӣ на Пресӣанско-ӣелаӣонискаӣа миӣроӣолија. Веројаӣно и ӣоӣаш смеӣавте дека МПЦ е расколнична орӣанизација. Само еден месец ӣодоцна восӣосӣавивӣе конӣакӣ со Неӣовоӣо Блаженсӣво, Архиеӣискоӣоӣ аӣински и на цела Грција, ӣ.ӣ. Хрисӣодулос, и доӣоворивӣе средба со неӣо. На ӣаа средба било ӣобарано ӣој да ӣосредува меѓу СПЦ и МПЦ. Тоа е наӣравено и набрзо оӣӣочнале инӣензивни разӣовори меѓу двеӣе цркви. Како се одвиваа ӣие разӣовори, кој ӣи водеше и како дојде до недоразбирањеӣо околу ӣаканареченаӣа Нишка соӣласносӣ?*

9 - После малкуте неуспешни обиди за дијалог помеѓу СПЦ и МПЦ од 1967 г. до 1998 г., прв обид за посериозен дијалог е направен токму во 1998 г. со посредство на Архиепископот Атински г. Христодул. Само да споменам дека од 1991 г. до 1998 г. немаше ниту една средба помеѓу претставници на СПЦ и расколничката МПЦ. Почнувајќи од 1998 г. до 2002 г. се направија многу средби во Србија, во Македонија, па неколку дури и во Цариград.
На секоја средба се доближуваа ставовите на кој начин МПЦ да влезе во единство со останатите Православни Цркви. Во повеќето средби учествував лично. Не учествував само на последната средба во Ниш, одржана во Мај 2002 г. на која беше извесно дека ќе се потпише конечниот текст, односно согласност за воспоставување на црковно единство. И, тоа беше намерно така направено, зашто воколку потпишев и јас ќе беа четири потписи, што значи дека половина

Синод веќе се согласил за договореното, та потврдувањето од страна на САС на МПЦ ќе беше ставено пред завршен чин.

Но, сите знаеја дека мојот глас е безрезервен - за единство. Исто така, сигурен сум дека г-динот Стефан како Архиепископ на расколниците им беше дал согласност на Петар, Тимотеј и Наум коишто ја сочинуваа делегацијата да потпишат, и дека ја имаат неговата подршка. Во таков случај распоредот на гласови беше следниов - пет ‘‘за‘‘ Согласноста од Ниш, значи тројцата коишто потпишаа, Стефан и јас. Двајца беа против - Кирил и Агатангел, и еден воздржан, кој најверојатно ќе беше со мнозинството, а тоа е Горазд. Не би навлегувал во детали за тоа зошто Кирил во секоја варијанта, дури и во најдобрата, значи да биде признаена МПЦ како автокефална би бил против црковното единство. Тој е веќе расчинет и за подрачјето на целата Православна Црква во светот тој е лаик, а не Епископ. Заради гревот кој си го носи, очекуваше дека ќе биде расчинет после воспоставување на црковното единство и затоа со сите сили работеше да не дојде до тоа единство. Но, не е проблемот во него. Проблемот е во тоа што другите расколнички епископи му дозволуваат тој да биде архиепископ во сенка. Стефан е само маскота на архиепископ. Оној којшто ја води МПЦ е Кирил, а како што гледаме - ја води во пропаст.

*10 -Зошто и како митрополитите Тимотеј , Петар и Наум ги повлекоа потписите од согласноста потпишана во Ниш?*

10 - Единствен притисок беше - притисокот од власта. Се уплашија за својата кожа. Не е секој подготвен да оди во затвор за Црквата. Тие се поискусни од мене и знаеја на што сè е подготвена власта, за да го оствари тоа што го посакува. Всушност, власта во Р. Македонија е иста како во времето на комунизмот.

*11 - Неодамна излезе од печат првиот том на книгата ЗАРАДИ ИДНОТО ЦАРСТВО, чиј уредник сте Вие, а е издадена од Охридската Архиепископија. Во неа хронолошки е сумирано сето она што се случи меѓу Вас и МПЦ во последниве близу три години. Таму, на пример, стои дека Вашиот чекор на припојување на својата епархија кон автономната Охридската Архиепископија, под јурисдикција на СПЦ, требало да го следат уште неколку архиереи на МПЦ. Тие лично Вас Ви изјавиле дека ќе пристапат кон литургиско и канонско единство со СПЦ. За кои архиереи станува збор и зошто никој, освен Вас, практично не го прифати јавниот повик на СПЦ за канонско решавање на статусот на МПЦ?*

11 - За тоа што никој од другите архиереи на МПЦ не пристапи во литургиско и канонско единство со СПЦ веројатно единствена причина е погоререченото, а тоа е стравот. Не е тајна дека после неприфаќањето на Нишката согласност од страна на МПЦ, јас отидов во Белград да преговарам со српскиот Патријарх Павле и со членовите на Светиот Архиерејски Синод на СПЦ, од мое име, и од името на Митрополитите Петар и Наум, да се најде начин да се оствари литургиско единство, а тоа значи да се сослужува со другите Цркви без да се инсистира за одредено време да биде конечно решен статусот на Црквата, автономија или автокефалија. Тоа беше најбезболното

решение. Конечното решение за статусот ќе произлезеше од довербата којашто ќе се воспоставеше. Но, да бидам искрен, а тоа се виде подоцна, никој од нив не веруваше дека ќе успеам да постигнам Српската Црква да се согласи да стапиме во евхаристиско единство пред да се реши конечниот статус на црквата. Откако сето тоа се постигна и Патријархот испрати повик до секој архиерел на МПЦ поединечно, Петар и Наум ретерираа. Кога ќе се погледне сега од назад, тоа е многу јасно. Архиереи што го газат својот потпис многу е полесно да го погазат својот збор. Тоа е тажно до болка. Такви нестабилни личности да ја водат МПЦ, но тоа е реалноста.

*12 - Би сакале да ни објасните што всушност мислите кога во еден Ваш есеј велите дека НИКОЈ НЕМА ПРАВО НА ЖИТЕЛИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДА ИМ ЗАБРАНИ ДА СЕ ЧУВСТВУВААТ МАКЕДОНЦИ, МЕЃУТОА ТРЕБА САМИ ДА СИ ГО РЕШАТ ПРОБЛЕМОТ ДАЛИ СЕ МАКЕДОНЦИ ИЛИ СЛОВЕНИ, ЗАШТО ДА МИСЛИШ ДЕКА СИ СЛОВЕН, А ДА ГО ПОЛЗУВАШ ИМЕТО МАКЕДОНЕЦ ИЗГЛЕДА НЕОСНОВАНО И НЕЗРЕЛО.*

12 - Историската одговорност на комунистите во Р. Македонија е огромна. Но, досега барем јас не сум чул ниту еден комуњар да му се извини на народот за злоделата направени во комунизмот. Особено за историските фалсификати коишто ги правеа насекаде, но најмногу во Р. Макеоднија. Нашите генерации учеа историја дека светот почнува да постои од 1941 г., кога се јавија партизаните како први жители на планетата. Пред нив сè било небитие. Со таков еден историски фалсификат, ние ниту пред себе, ниту на другите ќе можеме да им објасниме што мислиме кога велиме Македонец. Од времето на Александар Велики којшто живееел во 3-от век пред Христа, до доаѓањето на Словените на територијата на тогашна Македонија поминале полни девет векови. Македонската современа историографија ги прескокнува тие девет векови како да се девет години. А, спомениците коишто од тоа време се откриени на територијата на Р. Македонија сведочат дека на оваа територија имало христијанска цивилизација, којашто како во говорот, така и во администрацијата го употребувала грчкиот јазик. Оној ист грчки јазик наречен „кини“ или „општ“ што Александар Велики го раширил до Индија. Ископајте во Хераклеја, или Лихнида, или Стоби, или Баргала и ќе најдете култура, цивилизација но и вера изразувана преку грчкиот јазик. Зборувам за периодот пред доаѓањето на Словените.

Сево ова го кажувам за да дојдеме до фактот дека до доаѓањето на Словените, како и многу време после тоа, Македонците коишто живееле на територијата на денешна Р. Македонија, зборувале грчки, пишувале грчки, богослужеле на грчки, создавале грчка христијанска култура и цивилизација. **Но, грчка култура секако не од денешното тесно сфаќање на елинизмот, туку од она широко доживување на грчката култура како светско наследство коешто почнува во времето на Александар Велики, а се продлабочува и прецизира во периодот на христијанската цивилизација којашто ја гради Византија.** Само како парадигма нека послужи тоа што Патријаршијата во Александрија до денов денешен се нарекува Грчки Православен Патријархат на Александрија, иако нема Грци ниту Епископи,

ниту, пак, помеѓу народот. Александрискиот Патријархат го сочинуваат воглавно православни Арапи.

Од друга страна да се нарекувате Македонец, а да не сакате да го наследите македонскот континуитет е прилично незрело. Затоа, тоа што го споменавте и сум го говорел и сум го пишувал. Не можете да бидете Македонец со прекин, или на прескок. Сакаме да имаме врски со потомците на Александар Велики, а не сакаме да бидеме Грци. Во тоа е проблемот што тоа е невозможно. Друга варијанта е да бидеме само Словени како што проповедаа комуњарите, а да се нарекуваме Македонци заради територијата на којашто живееме. Со таа варијанта секако дека Грците не би имале проблем. Но, тогаш ние немаме идентитет на Македонци, туку на Словени.

**Во книгата којашто ја спомнавте јас ја поставив само таа дилема, но не се впуштив во решавање.**

Изгледа треба да помине уште многу вода по Вардар до конечното решение на тој проблем.

*13 - Што ќе се случеше доколку МПЦ ја прифатеше таканаречената НИШКА СПОГОДБА?*

13 - **Ако МПЦ ја прифатеше Нишката согласност до сега ќе имаше автокефален статус.** Би го предочил и следново. Разликата помеѓу автокефални и автономни Цркви е повеќе во името. Практично, во функционирањето на Црквата нема никакви разлики. Православната за разлика од Римокатоличката е толку децентрализирана што секоја Епископија на некој начин е автокефална. Никој нема право да се меша во духовното раководство на една Епископија, освен ако Соборот на Архиереји не востанови дека се појавила ерес. Конкретно, расколничката МПЦ дури и воколку во овој момент некој би и признал автокефалија,таа не може да биде потполно автокефална зашто нема барем 14 Епископи, од кои 12 би суделе, колку што е неопходен бројот во случај кога еден Епископ тужи друг Епископ. Во суштина, автономни се оние Цркви коишто имаат помалку Епископи и не можат да формираат дванаесетчлен Архиерејски Синод во случај на судење на некој Архиереј. Но, дури и една голема Православна Црква каква што е Украинската, сеуште е автономна, иако има многу повеќе од 12 Епископи.

Православната Охридска Архиепископија е автономна Црква, а МПЦ расколничка. Значи, во подрачјето на Православните Цркви МПЦ не е призната како Црква. Државата може секого да го признае за црква или обратно, како што е во нашиот случај, вистинската Црква којашто е призната од сите Православни Цркви за таква, да не ја признава како Црква. Но, тој суд којшто го дава државата не е валидниот. Државата ниту може да создаде нова, ниту може да укине некоја Црква. Значи, расколничката МПЦ е призната од државата Р. Македонија, но од сите други Православни Цркви не е призната. Православната Охридска Архиепископија не е призната од државата Р. Македонија, но призната е од сите Православни Цркви.

*14 - Пред повеќе од три години патријархот српски г.г. Павле ја прими Велешката и Повардарска митрополија со Вас како епископ, во литургиско и канонско единство со СПЦ, а преку неа и со сите*

*останати православни цркви во светот. Сега, според Вас, на територијата на Република Македонија има канонски призната Православна црква, Охридска Архиепископија. Какви контакти имавте и имате со другите православни цркви во светот?*

14 - Ние сме во полно литургиско и канонски општење со сите православни Цркви во светот. Одиме и сослужуваме во сите Цркви, на сите континенти, но за жал другите не може да ни дојдат. Постои забрана од режимот на територијата на Р. Макеоднија да влезат свештенослужители од другите православни Цркви. Минатата година за првпат влегоа два автобуси на Епископи, свештеници и верници од Грција и Бугарија, кога ги осветувавме темелите на црквата во Ниже Поле којашто власта подоцна ни ја сруши. Било потребно дебело да се подмити граничната полиција за да ги пуштат да влезат.

*15 - Ваше Блаженство, зошто на таријторијата на Р. Македонија не може да има канонски призната Македонска православна црква, кога веќе има Српска, Бугарска , Грчка и таканатаму?*

15 - Најголем проблем за непризнавањето на МПЦ е структурата на нивната висока јерархија. Она што од почеток малкумина го знаеа, а само го наѕираа, денес им стана јасно на сите. Архиереите на расколничката МПЦ се незрели да ја понесат одговорноста да водат Црква. Кога велам незрели, прво сметам духовно, потоа морално, а на крај и интелектуално што не значи дека е неважно иако е последно. Всушност ако треба уште попрецизно да кажам, самите архиереи на МПЦ работат на тоа МПЦ никогаш да не биде призната.

*16 - Во тој контекст, Ве молиме да го прокоментирате и ставот на македонските медиуми кои редовно, без исклучок, Веословуваат само како СРПСКИ ВЛАДИКА, СРПСКИ ЕГЗАРХ и тн.*

16 - Можеби е тоа од тенденциозност, но сепак, многу е погрешно. За жал, таков е квалитетот на денешното македонско истражувачко новинарство. Тие коишто ги употребуваат тие термини, сигурен сум, дека не знаат ниту што е тоа Езарх, ниту тоа дека е невозможно да се биде Српски, односно национален Егзарх. Ако описно се толкува, Егзарх е ополномоштен претставник на некоја личност. Мојата титула беше Егзарх на Патријархот за сите области на Р. Македнија. Бидејќи пред мене Патријархот администрираше со сите епархии во Р. Македнија, после моето прогласување за Егзарх, тој ме ополномошти јас тоа да го правам во негово име. Но, сите знаат дека јас не сум Србин. Што значи, ако не е тенденциозно би рекол е крајно глупаво да се говори дека сум српски Егзарх. Тоа станува уште поглупаво од моментот кога јас сум избран од Синодот на Православната Охридска Архиепископија и потврден од Патријархот Павле за Архиепископ охридски и Митрополит скопски. Мојата претходна титула Митрополит велески и повардараски и Егзарх охридски веќе престана да важи. Исто како што престана да важи титулата Дремвиски која ја добив како помошен Епископ, во оној момент кога бев избран за Митрополит велески повардарски. Ако некој мисли дека има право да ме деградира во она што не ме градирал, тоа е негов проблем. Мојата сегашна титула не е Егзарх,

ниту српски, а ниту на патријархот. Сега сум Архиепископ на една помесна Црква, Охридската Архиепископија, и како таков признат од сите православни Цркви во светот, во што верувам дека добронамерните можеа да се уверат барем овие денови, откако сум во затвор.

*17 - Како го објаснувате тоа што за Ваше ослободување од затвор, со јавно и бучно собирање потписи, бараат неколку стотина илјади Срби во Србија, а не бараат Македонците во Македонија.Додуша има таква иницијатива за собирање потписи во Куманово, но повторно од Срби што живеат во Македонија. Исто така, само пратеник од српското малцинство покрена иницијатива за Ваша амнестија. Како го објаснувате сето тоа?*

17 - Искривената слика којашто ја создаде власта со помош на некои од средствата за информирање за Охридската Архиепископија допринесе многу од луѓето да останат воздржани. Но, теророт којшто го спроведува власта врз припадниците на ПОА мислам дека најмногу допринесе да се појави страв кај луѓето да пристапат кон Охридската Архиепископија. Да не заборавиме дека полицијата брутално со примена на сила ме избрка мене од митрополијата во Велес, а монасите и монахињите од нивните манастири. Агенцијата за безбедност и контраразузнавање ја запали куќата на моите родители во којашто живееа монахињи, а ним разбојниците им ги истрижаа косите. Власта ни ја сруши до покрив изградената црква во село Ниже Поле. Полицијата, кога ќе и падне на ум, прави рации во становите на припадниците на ПОА. Пред само три месеци во присуство на полицијата како набљудувач, а тоа значи со нивно соучество, бидејќи не реагирале по службена должност, демолиран е параклисот „Свети Нектариј Егински“ во Драчево, Скопје. Архиепископот на ПОА власта го испраќа на робија. Во такви услови не можат многу луѓе да се решат да пристапат. Малку се оние кои духовно се развиле за да сфатат дека Црквата е во непрестана и беспоштедна борба со злото. Послабите во верата сакаат мир кога одат во Црква и тешко им се прифатливи ваквите услови во коишто сега пребива ПОА, а тоа се постојаното гонење и малтретирање.

*18 - Ќе барате ли помилување од претседателот Бранко Црвенковски?*

18 - Моментално од страна на Апелациониот суд во Битола сме закочени во барањето на било кој правен лек. Имено, скоро два месеци, Апелациониот суд во Битола не решава дали ќе ја прифати жалбата која ја поднесовме против спојувањето на условната со ефективната казна. Откако ќе добиеме решение дали мојата затворска казна ќе биде 18 или 26 месеци, ќе можеме да побараме некој правен лек и тоа најверојатно ќе го направиме до Врховниот суд.

*19 - Според она што го пренесуваат медиумите, за македонскиот народ Вие сте СРПСКИ ВЛАДИКА, потоа ШПИОН потплатен од Србите и ГРЦИТЕ за да работи против својот народ. Исто така, постојано се нагласува дека Грците и Србите наводно уште како*

*студент и магистрант Ве подготвувале да работите против Македонија. Дали македонскиот народ е вистински информиран што значи литургиското и канонското признавање на Охридската Архиепископија? Зошто тоа не им е објаснето на обичните граѓани од Ваша страна, или од страна на другите двајца архиереи на Охридската Архиепископија...?*

19 - Оние коишто шират такви конструкции треба најпрво да смислат една стратегија која нема да им биде контрадикторна. Конечно треба да се договорат чиј шпион сум и да дознаат со колку пари ме потплатиле. Мојата неупатеност под терминот *шпион* подразбира човек којшто оддава нешто што е дефинирано како строго доверливо или државна тајна. Оддавањето на тоа е казниво со закон и се нарекува шпионажа. Но, не верувам дека може да се вклопи во значењето на зборот шпионажа, различното мислење по одредени прашања од животот, па дури ако со нив се разликувам од мислењето на мнозинството. Инаку, ако досега можеа да ме обвинат за шпионажа, бидете сигурни дека тоа ќе беше веќе направено.

Тоа, пак, што велите дека не е доволно објаснето што е тоа литургиско и канонско единство донекаде сте во право. Велам донекаде зашто тоа не зависи само од нас. Ние тоа го правиме на нашата интернет презентација, во сите периодични списанија на Архиепископијата и во секој контакт со луѓето. Но бојкотирани сме од средствата за информирање. Уште построго речено, ние сме намерно погрешно толкувани од некои средства за информирање кои се под контрола на власта. Во такви надворешни услови, ова го говорам со смирение и без самопофалба, многу е и она што досега за само три години го направивме.

*20 - Вашата одлука за прифаќање на српската понуда за автономија на македонската црква, во јуни 2002 година, ја потпишаа сите свештеници на Велешката и Повардарска митрополија. Што се случи со тие луѓе по хајката што беше спроведена против Вас? Каде се сега тие?*

20 - Точно е тоа дека на повикот на Патријархот Павле се согласија сите свештеници на Велеската Митрополија. Вие веројатно сте го виделе документот со нивните потписи објавен во книгата „Заради Царството Божјо“, а исто така и на интернет. Како еден свештеник под таков притисок од власта да не ретерира од потписот кога тројца епископи ретерираа од нивните потписи на Нишката согласност под притисокот на власта? Како да не се повлече еден свештеник којшто да не заборавиме дека има семејство за кое мора да се грижи, кога гледа дека власта нема милост кон мене како Епископ, ме гони, ме измачува, ме затвора! Подготвеноста за мачеништво е последната лекција во духовноста на Православната Црква. До неа, за жал, не стигнуваат ниту многу свештеници.

*21 - Минатата година , според Здружението на граѓаните Анастасија и хуманитарната организација Воскресение, имало обид за атентат врз Вашето Блаженство во Битола? Имате ли сознание зошто атентатот не им успеал и кој стоеше врз тој обид за Ваша ликвидација?*

21 - Имам цврст сомнеж, а тоа го кажав и на судењето во Велес, дека тоа го направи Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање. Секако, кога такво нешто прави државата скоро е неможно да се има моќ и докази, тоа во моментот да се докаже. Но, имам многу причини да верувам дека е така. Имено само неколку месеци пред обидот за атентат и палењето на куќата на моите родители, во која сега живеат монахињи, дојде тогашниот директор на ДБК, г-динот Зоран Верушевски. Монахињите принесоа вечера, заедно вечеравме и долго разговаравме. Дури преку неговиот мобилен телефон истата таа вечер разговарав и со тогашниот министер за Внатрешни работи г-динот Хари Костов. Неговата задача беше да ме убеди да се вратам во МПЦ. Откако верувам дека најнепосредно се увери дека од тоа - ништо не бидува, ми се закани дека ќе применат други средства. Набрзо ги видовме тие други средства. Покрај него сметам дека уште поголема одговорност за обидот за атентат има тогашниот министер за Внатрешни работи г-динот Хари Костов. Тој е исклучително дволичен човек, од една страна нè подржуваше, од друга нареди да се изврши тоа што се случи. Воопшто не е оправдување што за тоа добил наредба од Бранко Црвенковски. Македонија е мала и многу брзо се прави мозаикот, дури и на најтајно изведените акции. Друг податок е тоа што еден од учесниците во акцијата брзо после тоа доживеа тешка сообраќајна незгода од која едвај извлече глава. Додека лежеше во болница посака да се сретне со еден од свештенослужителите на Православната Охридска Архиепископија во непосреден разговор. Трет доказ дека токму полицијата ја извела таа разбојничка акција е фактот што до денов денешен никој не е ниту уапсен, ниту осомничен. А, оттогаш поминаа скоро две години.

*22 - На денот на прославата на Илинден минатата година, Вие бевте во српската црковна делегација што го пречека Бранко Црвенковски во манастирот Прохор Пчински. Во делегацијата Ве вклучи лично Патријархот српски г.г. Павле. Дали имавме можност за накаков контакт со претседателот Црвенковски тогаш?*

22 - Не, само се поздравивме.

*23 - Дали воопшто имавте контакти со оваа влада?*

23 - Сите контакти завршија после обидот за атентатот и палењето на манастирот. Меѓу нив не постои ниту еден сериозен човек којшто е подготвен да работи прво на реформи на свеста кај народот, реформи во областа на човековите права или судството. СДСМ има комунистичка матрица почнувајќи од Претседателот на државата до последниот зачленет нивни припадник. Комунистите, пак, според нивната идеологија генерално се против Црквата, освен во случаите кога ја контролираат. Затоа немаат никакви проблеми со расколниците. Нив целосно ги контролираат.

*24 - Со какво образложение се одбива регистрирањето на Православната Охридска Архиепископија како верска заедница?*

24 - Најнесериозно е тоа што без никакви аргументи се одбива регистрирањето на ПОА. Или, ако може да се рече дека е аргумент што името - Охридска Архиепископија, МПЦ го заштитила во агенцијата за приватна сопственост, за под тоа име да може да продава, како што чувме, тоалетна хартија и ајвар.

*25 - Некои Ваши приврзаници тврдат дека делото што Вие го направивте со ПОА е историско дело за Македонската православна црква, но и за Македонија воопшто. Притоа тврдат дека тоа може да се спореди само со евентуалното зачленување на РМ во Европската унија и Нато. Од друга страна, македонскиот народ и натаму Ве смета за предавник. Може ли да се зборува за ИСТОРИСКО ДЕЛО кога народот, без кој нема Црква, е на сосема спротивната страна од Вас?*

25 - Поимот народ е многу релативна работа. Народот сам тешко стигнува до вистината. Потребни му се водачи. Според мое мислење не е народот виновен што не ја открил и не ја прифатил вистината. Виновно е државното раководство што го одвраќа од вистината. Но, тоа не може да биде за долго. Од после падот на комунизмот ниту една индоктринација не може да трае долго, а особено што живееме во ерата на интернет.

*26 - За митрополитот Пелагониски и администратор австралиски, г. Петар тврдите дека лаже, дека им купува станови и автомобили на внуците по линија на неговата бивша сопруга. Потоа дека во ТАТ му биле заробени стотици илјади германски марки, од чии камати си ги полнел џебовите, дека не пристапил во веќе од негова стана ветеното канонско единство со СПЦ, само и исклучиво од сметкациски причини и таканатаму. . .*

26 - Да, на тоа стојам и сега, а со тоа ќе го обвинам и пред судот Божји.

*27 - Навистина ли г. Петар се премислил да го направи истото што го направивте Вие само за да не му пропаднат платите од Автралија?Точно ли е дека веднаш по она што се случи со Вас, тој се откажал од намерата да ја припои својата епархија кон СПЦ , односно Охридската Арихиепископија, но затоа пак ја продал Митрополијата во Мелбурн за да си ги наплати заостанатите плати?*

27 - И тоа, сè е точно.

*28 - За Архиепископот на МПЦ, г.г. Стефан велите дека е млитав човек, неодлучен и лично поводлив, а згора на тоа и потполно богословски необразован. Можете ли тоа да го објасните за нашите читатели?*

28 - Мое длабоко убедување е дека неговата неодлучност ја доведе МПЦ на ова дереџе. Тој можеше да пресече и неговиот глас да биде одлучувачки при прифаќањето на Нишката согласност. При пет гласови „за“ меѓу коишто беше и неговиот глас, два „против“ и еден „воздржан“, тој се повлече пред законите на власта и на Кирила, и објави дека Нишката согласност не е прифатена.

А, другото полесно се забележува.

*29 - Исто така, тврдите дека тој е избран за архиепископ во време кога од епископите во Македонија се бараа некои други способности, а не верност кон Бога, црквата и Светото Предание на Црквата. Кои се Вашите забелешки во врска со изборот на г.г. Стефан за архиепископ на МПЦ по смртта на г.г. Михаил?*

29 - Нека биде доволно тоа што ќе го повторам, мислам дека јавноста знае дека јас и Петар тогаш не го потпишавме Записникот за избор на Стефан. Ако Петар имал лични причини, оти себеси се сметаше за противкандидат, јас немав ама баш никакви причини за тоа, освен што сметав дека изборот навистина е фалсификуван. Слушнав дека Петар под притисок дополнително го потпишал Записникот. Од тогаш присутните архиереи на изборот, единствено јас останав да не потпишам.

*30 - Жестоко го напаѓате и митрополитот Струмички г.Наум, за кого велите дека ИЗБЕГАЛ од Света Гора без благослов од својот старец; потоа дека е заговорник на схизмата од страна на МПЦ , но и нарачател на полициските акции против Вас. Може ли тоа да се поткрепи со докази и факти?*

30 - Она што е кажано за Наум е со дебела фактографија. Секако дека не можам да приложам писмен доказ дека тој учествувал во планирањето на акцијата за палење на манастирот во Ниже Поле. Но, ќе повторам, Македонија е толку мала што брзо се откриваат некои завери и тајни акции. Во моментов Наум е „умот“ на расколниците. Тој ги организира да прават сојуз на расколнички цркви, тој ги конструира сите валканици против епикопите на српската и другите православни Цркви. Заглави до таму да може слободно да биде обвинет за еретик. Неговата ерес е првопојавена во историјата на Црквата. Тој, борејќи се против православната Црква преку дискфалификација на Епископите, сака да дојде до единство со Црквата. Крајно паралогично, но вистинито.

*31 - За митрополитот полошко-кумановски, г. Кирил, најстариот митролполит на МПЦ, велите дека пред да се замонаши бил соучесник на својот брат во убиство, за што бил осуден на затворска казна. Според документи, кои Ви ги дал лично владиката Петар, тој е оженет а има и дете, па поради тоа има канонски пречки и не смее да биде митрополит на која и да е православна црква во Светот? Наводно токму поради него СПЦ не била расположена да и ја признае*

*автокефалноста на МПЦ. Зошто МПЦ би толерирала таков владика, доколку сето тоа е точно?*

31 - Одговорот е едноставен. Кирил учествувал во изборот и ги хиротонисал сите сегашни архиереи на расколничката МПЦ. Тој значи ги поставил, и сите тие стојат *пет подолу* од него. Како што веќе реков тој е „архиепископ“, а Стефан е маската.

*32 - За владиката дебарско-кичевска, г. Тимотеј велите дека е човек со ограничени способности; Србин кој заради власт се откажал од српството, но уште не научил да зборува добро македонски. Тоа се исто така тешки обвинувања, за кои мора да се има докази.*

32 - Не гледам зошто да се тешки обвинувања тоа што човекот е Србин. Може да биде Албанец, па да биде Православен. Во Црквата нацијата нема скоро никакво значење. А, тоа што не зборува чисто македонски, мислам дека е лесно забележливо.

*33 - Излегува дека немате добро мислење ниту за еден од колегите со кои близу 4 години бевте во истиот синод на МПЦ. Што мислите за новите владици Климент, Методиј и Пимен?*

33 - Не сум ниту пророк, ниту пророчки син, но Евангелието вели: „Може ли трњето грозје да роди“ (Матеј 7. 16). Тие се родени од расколот и израснале во раскол. Во тие граници им е целиот простор за развој и како што слушам од она што го изјавуваат очигледно е дека ништо не им недостига во таквата средина.



*Светиот Архијерејски Синод со дел од машкото и женското монаштво на Православната Охридска Архиепископија,*

*34 - Зошто кон Вашата Охридска Архиепископија не се приклучија сите монаси на како што Велите расколничката МПЦ?*

34 - Тоа монаштво што е зрело, тоа е во Црквата. Другите кога ќе созреат ќе пристапат. Зреењето е процес.

*35 - Сега сте во затвор. Ваш роднина во 1983 година лежел в затвор затоа што ја сменил во својата канцеларија сликата на Тито со икона на Исус. Бидејќи го спомнувате тој случај во Вашиот завршен збор на судењето, има ли тоа барем некаква метафорична врска со Вашиот случај?*

35 - Тоа е само слика дека во менталитетот на судот ништо не се променило од комунистички времиња. Затоа странците толку инсистираат на реформи во судството. Моето судење е карактеристичен пример за тоа. Како што слушнавте се најде во прашањата на Европската Унија. Со вакво судство ние не можеме да стигнеме далеку. Кога судиите не судат според законот, туку имаат други критериуми - народот се чувствува несигурно. Инаку, како што спомнавме потекнувам од семејство со карактеристично антикомунистичка ориентација. Мои блиски роднини се судени за дело против Тито и комунистичката држава. Од мал го дишам тој антикомунистички дух. Но, правејќи споредби на тие комунистички времиња со сегашниве, во областа на судството ништо не е изменето. Особено во политичките судења.

*36 - Што ќе се случува во иднина со Православната Охридска Архиепископија?*

36 - Иднината на ПОА е обезбедена. Не по наша заслуга, не заради квалитетот на нејзините Епископи или свештеници. Иднината на Црквата е самиот Христос. Затоа велам дека иднината на ПОА е обезбедена. Таа веќе е влезена во вечноста иако сеуште оди низ времето.

*37 - Имате ли контакти со архиереи во светот. Што ви порачуваат тие?*

37 - Секако дека имаме полно општење, а не само контакти со архиереи од другите православни Цркви. Веројатно забележавте дека на моето затворање реагираа Поглаварите на сите православни Цркви. ПОА е призната од сите православни цркви во светот.

*38 - Што би сакале Вие да му порачате на македонскиот народ, кој, барем според средствата за јавно информирање, подготвен е дури и на линч за да Ве протера од Македонија?*

38 - Чинам дека е попрецизно да се рече дека власта е таа која подготвува линч. Народот сам не се организира во злото ако нема подршка од власта. Ако

пак власта се повлече, ако средствата за информирање ни дадат малку повеќе простор, народот многу брзо ќе дојде до вистината. Вистината е многу едноставна. Не може да има две Цркви. Црквата е една. Кој не е во таа една Црква или е во ерес, или е во раскол.

*39 - Имаше ли закани во затворот?*

39 - Не може да има до оној момент додека власта не го направи тоа.

*40 - Упатените велат дека не е потребно да се бара автономна Охридска Архиепископија од СПЦ, затоа што истата Црква пред околу 50 год. веќе и има дадено автономија на МПЦ?*

40 - Автономијата која ја доби ПОА е континуитет на таа од 1958 г. Тоа е спомнато во издадениот Томос. Од друга страна МПЦ никогаш не добила Томос за автономија.

*41 - Дали во МПЦ има или имаше практика да се купуваат автомобили од странство, а за нив да не се плаќа данок?*

41 - На судењето во Велес кажав дека има барем 100 автомобили кои преку хуманитарната организација на МПЦ „Милосрдие“влегле во државава а за кои не се платило царина и данок. Директор на таа организација е Кирил, па не е чудо што сите негови роднини возат возила без платени царина и данок. Како да не се плати царина и данок за БМВ-то кое сега е сопственост на Велеската Митрополија ме научи Тимотеј кој само неколку месеци пред мене, на истиот начин внесе Мерцедес. Ауди-то на Петар е внесено на ист начин како БМВ-то. Но мене не ме судат затоа што не е платена царина и данок. Тоа на некој начин е легално. Верувам дека и самите не знаат за што ме судат.

*42 - Дали по излегувањето од затвор ќе продолжите со ангажманот како Архиепископ на Охридската Архиепископија како автономна Црква во состав на СПЦ?*

42 - Да сме здрави и живи, прво да излеземе од затвор па ќе видиме понатаму. Во секој случај мојата титула сега е Архиепископ охридски и Митрополит скопски.

*43 - Имате ли некаква гаранција дека СПЦ по извесно време ќе одобри автокефалност на Вашата ПОА, се разбира како Македонска православна Црква?*

43 - Гаранцијата зависи само од зрелоста. Одговорно тврдам дека ниту еден архиерој во СПЦ вклучително со Патријархот на чело, но ниту било кој друг архиереј во светот има против тоа ПОА да биде автокефална. Името МПЦ

е неспорно за внатрешна употреба и за оние на кои не им пречи. Тоа е согласно на Нишката спогодба.

*44 - Комуницирате ли од затворот со високодостојници од другите помесни православни цркви во светот?*

44 – Да. Можам да комуницирам телефонски и писмено.

*45 - Ова е Ваше прво интервју откако ја издржувате казната затвор во централниот затвор Идризово.Што би сакале да кажете, а ние не Ве прашавме? Што не Ви било дозволено да кажете а сте сакале да го кажете? Повелете?*

45 - Луѓето најчесто го сметаат за несреќен човекот, ако тој во животот страда на правдина, ако е затворен бесправно и ако над една жалост му доаѓа нова. Меѓутоа во духовните категории, спремноста да се страда со благодарност е мерка за зрелоста. На едно место свети Јован Златоуст вели: „Не го прослави Јов толку добродетелниот живот кој го водеше, колку што го прослави страдањата кои ги примаше со благодарност".

Страдањето, пак, не е толку болно кога страдаш во присуството Божјо. Затоа Го молам Тој да биде со нас. Другото ќе помине како летен облак.

Ваше Блаженство, Ви благодариме за времето што го одделивте за нас.

Блаже Миневски